РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

ОСТУ “Наце Буѓони“-Куманово

за ѝериод од 2026 до 2030 година



Преамбула

Врз основа на **член 29-а став (3) од Законот за средното образование** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), и согласно **Правилникот за формата и содржината на развојната програма за работа на средното училиште**, број 13-11881/1 од 04.09.2025 година, донесен од министерот за образование и наука, ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово ја изработува **Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2026–2030 година**.

Развојната програма се изработува како **четиригодишен стратешки документ** со кој се дефинираат мисијата и визијата на училиштето, приоритетните области за развој, стратешките и развојните цели, како и начинот на следење и евалуација на реализацијата на програмата. При нејзиното изработување се земаат предвид состојбите и потребите на учениците, наставниците, заедницата и општествените предизвици, со цел унапредување на квалитетот на наставата и вкупното работење на училиштето.

Имајќи го предвид фактот дека ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово е **средно стручно училиште**, при изработката на Развојната програма се земени предвид специфичностите и развојните потреби на стручното образование, наставниот процес, секторите и квалификациите застапени во училиштето, практичното образование и потребите на учениците. Развојната програма е изработена врз основа на **наодите од самоевалуацијата на училиштето и анализата на состојбите и потребите**, преку спроведување на СВОТ анализа, дефинирање и избор на приоритети, утврдување на стратешки и развојни цели и изработка на акциски планови за нивна реализација. При определувањето на приоритетите и целите се земени предвид и мислењата и предлозите на релевантните чинители во училиштето и заедницата.

Развојната програма ја подготвува Комисија формирана од директорот на училиштето, согласно одредбите од Правилникот, со учество на претставници на стручните соработници, наставниците, родителите, учениците и, согласно основачот на училиштето, претставници на локалната самоуправа.

Развојната програма за работа на ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово за периодот **2026–2030 година** претставува основа за систематско и континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, условите за учење и практично образование, професионалниот развој на наставниот кадар и соработката со работодавачите и заедницата.

Развојната програма се донесува во согласност со постапката утврдена со Правилникот, а согласно член 10, ја донесува **Училишниот одбор на предлог на директорот на училиштето**.

Развојна програма за работа на средното училиште	
Училиште	ОСТУ “Наце Буѓони”-Куманово
Адреса	Матичен објект/настава на македонски наставен јазик: ул: Бајрам Шабани“бб , Куманово, Куманово Објект за настава на албански наставен јазик -поранешна зграда на ЗИК Ул:IIIМакедонска ударна бригада бб, Куманово
Телефон, е-пошта	+389(0)31 432 180, stu-nacebugjoni-kumanovo@schools.mk
Период на подготовка на Развојната програма на училиштето	Август -септември 2026
Број на ученици во училиштето	1534
Вид на образование (средно стручно)	Средно стручно образование за ученици од 15-19 годишна возраст со тригодишно и четиригодишно траење (техничко образование)
Сектори и квалификации*	**Машинство** (техничар за компјутерско управување, машинско енергетски техничар, техничар за возила на алтернативен погон и конструкциски механичар); **Електротехника и информатички технологии** (електротехничар-енергетичар; техничар за индустриска мехатроника; електротехничар за компјутерска техника и автоматика, електромеханичар); **Здравство и социјална заштита** (медицинска сестра) .
Директор	

Име и презиме	Драган Јаневски
Потпис	
Датум	
Донесување од училишниот одбор	
Име и презиме (Претседател на училишниот одбор)	Жаклина Јанакиевска
Потпис	
Датум	

СОДРЖИНА

1. ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

1.1. Идентификациски податоци за училиштето

1.2. Историјат на училиштето

2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕТХОДНАТА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО

3. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО (СВОТ АНАЛИЗА)

4. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

5. ИЗБРАНИ ПРИОРИТЕТИ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА СЕКОЈ ОД НИВ

6. ДЕФИНИРАНИ СТРАТЕШКИ И РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

7. АКЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО

8. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО

1. ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

1.1. Идентификациски податоци за училиштето

Податоци	
Назив на средното училиште	ОСТУ “Наце Буѓони”-Куманово
Адреса	Матичен објект/настава на македонски наставен јазик: ул: Бајрам Шабани“бб , Куманово, Куманово Објект за настава на албански наставен јазик -поранешна зграда на ЗИК ул.IIIМакедонска ударна бригада бб, Куманово
Телефон	+389(0)31 432 180
Место, општина	Куманово, Куманово
Интернет-страница	http://nacebugjoni.mk/
Е-пошта	stu-nacebugjoni-kumanovo@schools.mk
Ден на училиштето	13 октомври
Внатрешна површина на училиштето (m^2)	Главна училишна зграда – 2069,60m^2; работилници за практична настава –1090,42m^2; зградата во дирекција „ЗИК“-– 1550 m^2
Училишен двор (m^2)	13 966 m^2
Место на реализација на дејноста надвор од седиштето на средното училиште (доколку има такво)	зградата во дирекција „ЗИК“-– 1550 m^2
Капацитет на училиштето (максимален број ученици)	2520 ученика
Број на ученици (моментална состојба)	1534
Број на паралелки	72
Број на паралелки по сектори и квалификации*	Машинство: 10 на македонски наставен јазик 11 на албански наставен јазик Електротехника и информатичка технологии: 16 на македонски наставен јазик 15 на албански наставен јазик Здравство и социјална заштита: 8 на македонски наставен јазик 12 на албански наставен јазик
Програми за постсредно образование и број на учесници	/

Програми за образование на возрасни и број на учесници	**100 учесници** **на македонски наставен јазик** сектор: електротехника и информатички технологии квалификација: електротехничар за компјутерска техника и автоматика; **на албански наставен јазик:** сектор: машинство квалификација:машинско енергетски техничар сектор: електротехника и информатички технологии квалификација: електротехничар за компјутерска техника и автоматика; сектор: електротехника и информатички технологии квалификација: електротехничар- енергетичар
Валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење и број на кандидати	нема
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски и албански јазик
Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето	2 смени
Во средното училиште има паралелки од уметничко образование	нема
Во средното училиште има ресурсен центар	нема
Други идентификациски податоци карактеристични за средното училиште	Партнер училиште ДСУ РЦСОО „ Коле Неделковски “ - Велес

1.2. Историјат на училиштето

Почетоците на **ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово** датираат од **1 септември 1960 година**, кога, како резултат на брзиот развој на металската индустрија во Куманово и зголемената потреба од стручен кадар од металската област, Народниот одбор на Кумановската околија донел Решение за основање на **Училишен центар за стручно образование од металска**

насока, подоцна познат како Метален центар „Наце Буѓони“. Училиштето започнало со работа како училиште на македонски наставен јазик.

Во учебната 1960/1961 година наставата започнала со **две паралелки и вкупно 89 ученици** – една паралелка за образовниот профил машински техничар со 43 ученици и една паралелка за индустриски работник со 46 ученици.

Во почетниот период наставата се реализирала во објектот на денешната работилница, а од учебната **1964/1965 година** наставата започнала да се реализира во главната училишна зграда, односно во сегашниот објект на училиштето.

Првата генерација матуранти го завршила своето средно образование во учебната 1963/1964 година. Дел од овие ученици го продолжиле своето образование на високообразовни институции, а значаен број од нив активно придонеле во развојот на металската индустрија и во афирмацијата на градот Куманово.

Во првите години од своето постоење училиштето првенствено образувало кадри од областа на металската струка. Со развојот на општествените и стопанските потреби, училиштето постепено ја проширувало својата образовна понуда, воведувајќи нови образовни профили и приспособувајќи го наставниот процес кон потребите на стопанството и пазарот на труд.

Значаен чекор во развојот на училиштето е направен во **1997 година**, кога е воведена електротехничката струка со образовниот профил **електротехничар – енергетичар**. Во **2004 година** образовната понуда е проширена со новиот образовен профил **електротехничар за компјутерска техника и автоматика**, а во истата година во училиштето е воведена и **здравствената струка** со образовниот профил **медицинска сестра**.

Во учебната **2019/2020 година**, образовниот профил машински механичар од машинската струка, односно секторот машинство, е заменет со образовниот профил **конструкциски механичар**, со што продолжува процесот на усогласување на образовната понуда со современите потреби на стручното образование.

Од учебната **2022/2023 година** во училиштето е воведен образовниот профил **техничар за индустриска мехатроника** од електротехничката струка. Овој образовен профил е воведен како прва паралелка со **дуално образование**, реализирано во соработка со **ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ**. Со воведувањето на дуалното образование училиштето направи значаен чекор кон непосредно поврзување на теоретското образование со практичната обука и реалните потреби на работодавачите.

Во учебната **2025/2026 година** во училиштето е воведен нов образовен профил од машинската струка – **техничар за возила на алтернативен погон**, наменет за учениците кои следат настава на македонски наставен јазик. Воведувањето на овој образовен профил претставува одговор на современите технолошки промени и потребата од создавање стручни кадри со компетенции за новите технологии во автомобилската индустрија.

Во согласност со промените во системот на стручното образование и усогласувањето со **Законот за Националната рамка на квалификации**, училиштето го следи процесот на примена на називи на сектори согласно Македонската рамка на квалификации. Од учебната **2026/2027 година** образовните подрачја во училиштето се определуваат според сектори, а квалификациите и занимањата се распоредуваат во рамките на соодветните сектори.

Оваа промена овозможува понатамошно усогласување на понудата на стручно образование со **потребите на пазарот на труд, технолошкиот развој и современите барања за стекнување професионални компетенции**.

Во учебната **2026/2027 година** училиштето продолжува со развојот на **дуалното образование преку воведување дуални паралелки во повеќе сектори**. На тој начин ОСТУ „Наце Буѓони“ продолжува да ја развива својата улога како современо стручно училиште кое ги поврзува образованието, практичната обука и потребите на работодавачите.

Историскиот развој на ОСТУ „Наце Буѓони“ покажува континуирано приспособување на училиштето кон промените во општеството, стопанството, технологијата и системот на стручно образование. Од училиште основано првенствено за обезбедување кадри за металската индустрија, училиштето постепено прераснува во современа образовна институција со поширока образовна понуда, повеќе сектори и квалификации, развиена практична и дуална настава и сè поголема соработка со работодавачите.

Во наредниот четиригодишен период, развојот на училиштето ќе биде насочен кон **понатамошно унапредување на квалитетот на наставата, зголемување на активната вклученост на учениците, подобрување на условите и ресурсите за теоретска и практична настава, унапредување на соработката со работодавачите и континуиран професионален развој на наставниот кадар.**

2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕДХОДНАТА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО

Стратешка цел 1	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Подобрување на условите за работа во училиштето	1.1 Подобрување на просторот и работните услови во училиштето		✓		Во рамките на развојната програма беа предвидени активности за подобрување на условите во училишните објекти, вклучително и подобрување на системот за греење, реновирање на санитарните јазли, уредување просторија за прием на родители и обезбедување пристапност за ученици со телесни попреченост и. Дел од планираните активности се реализирани или преземени се чекори за нивна реализација, но не сите планирани интервенции се реализирани во целост. Ограничените финансиски средства и потребата од дополнителни инвестиции влијаеле врз динамиката на реализацијата.
	1.2 Уредување на училишниот двор во зградата на ЗИК		✓		Предвидено било уредување на дворните и зелените површини преку формирање тим од наставници и ученици, прибирање податоци за потребите, изработка на план и финансиска конструкција и реализација на активности. Дел од активностите се реализирани, но потребата од континуирано одржување и дополнително уредување останува и во наредниот развоен период.

	1.3 Поголема грижа за здравјето на учениците преку следење на квалитетот на достапната храна	✓			Во претходната програма биле предвидени активности за следење на квалитетот и исправноста на храната во објектите во близина на училиштето, како и соработка со надлежни институции. Предвидени биле и активности за следење на ризични појави во непосредната околина на училиштето. Активностите придонеле за поголема свесност за потребата од грижа за здравјето и безбедноста на учениците, но оваа област бара континуирано следење и превентивно дејствување.
Стратешка цел 2	**Развојни цели**	**Целосно реализирана**	**Делумно реализирана**	**Нереализирана**	**Образложение**
Подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес	2.1 Осовременување на редовната настава во постојните образовни профили	✓			Реализирани се активности насочени кон зголемување на употребата на апликативен софтвер, подобрување на искористеноста на постојната опрема и обезбедување технички помагала и стручна литература. Воедно, биле предвидени активности за иновирање на постојните наставни програми. Во текот на периодот училиштето продолжило со воведување современи образовни профили и форми на образование, вклучително и дуално образование. Сепак, потребата од континуирано осовременување на наставата, дигитализација и модернизација на опремата останува како развојна потреба.
	2.2 Иницирање на нови образовни профили од	✓			Целта е значително реализирана. Во периодот на реализација на претходната програма училиштето воведе нови образовни профили и продолжи да ја усогласува

	машинска, електротехничка и здравствена струка				својата образовна понуда со потребите на пазарот на труд. Особено значајно е воведувањето на техничар за индустриска мехатроника како дуален образовен профил од учебната 2022/2023 година, а во учебната 2025/2026 година и образовниот профил техничар за возила на алтернативен погон. Ова покажува дека училиштето одговорило на потребите од нови компетенции и современи технологии.
	2.3 Подобрување на воннаставните активност	✓			Предвидени биле формирање и активирање на секции, изработка и реализација на годишни програми, периодично известување и презентација на работата на секциите. Воннаставните активности се реализираат во училиштето и придонесуваат за зголемување на активното учество на учениците, развој на нивните интереси, способности и таленти. Потребно е нивно понатамошно збогатување и зголемување на бројот на ученици вклучени во различни активности.
Стратешка цел 3	**Развојни цели**	**Целосно реализирана**	**Делумно реализирана**	**Нереализирана**	**Образложение**
Продлабочување на соработката со стопанството	3.1 Проучување на законската регулатива за соработка меѓу фирмите и училиштето	✓			Предвидените активности за идентификување, обезбедување и проучување на релевантната законска регулатива биле поставени како основа за унапредување на соработката со работодавачите. Училиштето ги усогласува своите активности со промените во системот на стручното образование и учењето преку работа.
	3.2 Воспоставување соработка со Занаетчиската		✓		Биле предвидени воспоставување контакти, презентација на училиштето, дефинирање области на соработка, склучување договор и реализација на договорот.

	комора Куманово				Иако биле преземани активности за развивање соработка со релевантни субјекти, потребно е дополнително институционализирање и продлабочување на партнерствата со работодавачите и стопанските организации.
	3.3. Испитување на можностите за соработка со Стопанските комори		✓		Предвидени биле контакти со Стопанските комори, презентација на училиштето, дефинирање области на соработка и склучување договори. Овие активности создадоа основа за понатамошна соработка, но во новиот развоен период потребно е фокусот да биде ставен на конкретни и мерливи форми на партнерство, особено во делот на практичната настава, учењето преку работа и потребите на пазарот на труд.
	3.4. Надградување на компетенциите на наставниот кадар	✓			Предвидени биле идентификување на субјекти-обучувачи, утврдување на заинтересирани наставници, изработка на план за обуки и реализација на обуки. Оваа цел претставува основа за континуираниот професионален развој на наставниот кадар. Воедно, потребата од нови знаења и компетенции продолжува поради брзиот технолошки развој и промените во стручното образование.

Од целокупната анализа на претходната Развојна програма може да се констатира дека **најголем напредок е постигнат во осовременувањето на образовната понуда и развојот на дуалното образование**, додека подобрувањето на инфраструктурните услови, модернизацијата на опремата и продлабочувањето на партнерствата со работодавачите се области кои бараат континуирано унапредување.

Оваа поврзаност е многу корисна за новата програма затоа што покажува **континуитет во развојот на училиштето**, но и дека новата програма не е само повторување на старата, туку претставува **надградба врз постигнатото и одговор на новите потреби**.

3. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО (СВОТ АНАЛИЗА)

СВОТ анализата на ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово е изработена врз основа на наодите од самоевалуацијата на училиштето, анализата на постигнувањата на учениците, условите за реализација на воспитно-образовната и практичната настава, ресурсите со кои располага училиштето, професионалниот развој на наставниот кадар, соработката со родителите и локалната заедница, како и соработката со работодавачите.

Анализата ги опфаќа внатрешните фактори – силни и слаби страни на училиштето, како и надворешните фактори – можности и закани кои можат да влијаат врз неговиот понатамошен развој во периодот 2026–2030 година.

3.1. СИЛНИ СТРАНИ

- ✓ Јасно определена организациска структура и воспоставен систем на управување и раководење со училиштето.
- ✓ Постоење на стратешки и програмски документи и воспоставени механизми за планирање, следење и известување.
- ✓ Реализирање на наставата согласно наставните планови и програми и обезбедување услови за стекнување стручни знаења и компетенции.
- ✓ Примена на различни наставни методи и форми на работа и постепено зголемување на употребата на современа технологија во наставата.
- ✓ Постојат активности за поддршка на учениците во совладувањето на наставните содржини и подобрувањето на нивниот успех.
- ✓ Реализирање на советодавна и психосоцијална поддршка за учениците и родителите.
- ✓ Постоење активности за превенција и справување со насилство, дискриминација и несоодветно однесување и унапредување на безбедна училишна средина.
- ✓ Реализирање на воннаставни активности и можности за учество на учениците во различни активности и проекти.
- ✓ Училиштето има искуство во реализација на практична настава и учење преку работа.
- ✓ Воспоставена е соработка со повеќе работодавачи и се развива моделот на дуално образование.
- ✓ Назначени се наставници и координатори за учење преку работа, а значителен дел од менторите се сертифицирани за практична обука.

- ✓ Во изминатиот период се воведени и нови образовни профили согласно потребите на пазарот на трудот, меѓу кои индустриски мехатроничар и техничар за алтернативен погон на возила.
- ✓ Училиштето располага со човечки ресурси со различни стручни компетенции и искуство во реализацијата на стручното образование.
- ✓ Постои интерес кај наставниот кадар за професионално усовршување и надградување на компетенциите.
- ✓ Училиштето има значајна традиција и препознатливост во средното стручно образование во Куманово и поширокиот регион.
- ✓ Различната етничка и јазична структура на учениците создава можности за развивање на интеркултурност, толеранција и меѓусебно почитување.

3.2. СЛАБИ СТРАНИ

- ✓ Ограничени финансиски средства за континуирано модернизирање на наставните средства, опремата и просторните услови.
- ✓ Потреба од дополнително подобрување и модернизирање на условите за реализација на наставата и практичната настава.
- ✓ Недоволна опременост со современи наставни и дигитални средства во однос на потребите на современото стручно образование.
- ✓ Потреба од дополнително унапредување на системот за следење и вреднување на ученичките постигнувања.
- ✓ Потреба од унапредување на внатрешните механизми за проценка и следење на квалитетот на наставата.
- ✓ Потреба од дополнително унапредување на индивидуализацијата на наставата и поддршката за учениците со различни образовни потреби и можности.
- ✓ Кај дел од учениците постои потреба од поголема мотивација за учење и поактивно вклучување во наставниот процес.
- ✓ Потреба од континуирано унапредување на комуникацијата и односот наставник–ученик, со нагласок на почитување, поддршка, емпатија и конструктивна комуникација.
- ✓ Потреба од дополнително јакнење на професионалните компетенции на наставниот кадар за примена на современи наставни методи, дигитални алатки и нови пристапи во стручното образование.
- ✓ Потреба од континуирано проширување и продлабочување на соработката со работодавачите и стопанските комори.
- ✓ Потреба од подобрување на условите и опременоста за практична настава и учење преку работа во согласност со современите технологии и потребите на работодавачите.
- ✓ Недоволно развиени просторни услови за одделни видови советодавна и поддржувачка работа, вклучително и потреба од посебен простор за советување на родители.
- ✓ Потреба од поголемо вклучување на учениците и родителите во одделни процеси поврзани со подобрување на условите и функционирањето на училиштето.

3.3. МОЖНОСТ

- ✓ Понатамошно развивање на дуалното образование и учењето преку работа во соработка со работодавачите.
- ✓ Воспоставување нови партнерства со компании, стопански и занаетчиски комори и други релевантни институции.
- ✓ Усогласување на образовните профили со потребите на пазарот на трудот и со технолошкиот развој.
- ✓ Користење на можностите за национални и меѓународни проекти и програми за обезбедување дополнителни средства и опрема.
- ✓ Подобрување на инфраструктурните услови преку проекти, донации и соработка со локалната самоуправа и други институции.
- ✓ Користење на современи дигитални алатки и технологии за подобрување на квалитетот и интерактивноста на наставата.
- ✓ Организирање континуирани обуки, семинари, работилници и размена на добри практики за професионален развој на наставниот кадар.
- ✓ Поврзување на наставниот кадар со стручни лица од компании и други образовни институции за размена на знаења и искуства.
- ✓ Поголемо учество на учениците во проекти, натпревари, практична работа, ученички иницијативи и други активности.
- ✓ Искористување на потенцијалот на различната етничка и јазична структура за развивање интеркултурен дијалог и позитивна училишна клима.
- ✓ Поголема вклученост на родителите и локалната заедница во процесите на развој и подобрување на училиштето.
- ✓ Примена на резултатите од самоевалуацијата како основа за континуирано подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

3.4. ЗАКАНИ

- ✓ Недоволни финансиски средства за целосно реализирање на потребните инфраструктурни зафати и набавка на современа опрема.
- ✓ Брзиот технолошки развој и потребата од континуирано обновување на опремата и наставните средства.
- ✓ Промени на пазарот на трудот кои бараат брзо приспособување на образовните профили и компетенциите што ги стекнуваат учениците.

- ✓ Намалување на бројот на ученици како последица на демографските движења и миграцијата на населението.
- ✓ Ризик од намалена мотивација за учење и нередовно посетување на наставата кај одделни ученици.
- ✓ Социјални, економски и семејни фактори кои можат негативно да влијаат врз успехот, редовноста и активното учество на учениците.
- ✓ Недоволна заинтересираност или ограничени можности на дел од работодавачите за континуирано вклучување во практичното образование.
- ✓ Недоволни можности за континуирано професионално усовршување на наставниот кадар поради финансиски, временски или организациски ограничувања.
- ✓ Можност од продлабочување на постојните инфраструктурни и технички недостатоци доколку навремено не се обезбедат средства за нивно надминување.
- ✓ Различните образовни, социјални и културни потреби на учениците претставуваат предизвик за обезбедување еднакви можности и целосна инклузивност.

3.5. ЗАКЛУЧОК ОД СВОТ АНАЛИЗАТА

СВОТ анализата покажува дека ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово располага со значајни внатрешни потенцијали за понатамошен развој, особено во однос на стручноста и искуството на наставниот кадар, традицијата во стручното образование, развојот на дуалното образование, практичната настава и воспоставената соработка со работодавачите.
Истовремено, самоевалуацијата укажува на потреба од понатамошно подобрување на просторните и техничките услови, осовременување на наставните ресурси, унапредување на квалитетот и современоста на наставата, зголемување на активното учество и мотивацијата на учениците, подобрување на односот и комуникацијата наставник–ученик, како и континуиран професионален развој на наставниот кадар.

Имајќи ги предвид утврдените потреби, расположливите ресурси и можностите за развој, како и потребата училиштето да одговори на современите барања на стручното образование и пазарот на трудот, СВОТ анализата претставува основа за определување на следните три приоритетни подрачја во Развојната програма 2026–2030:

1. Унапредување на квалитетот, поттикнување на активната вклученост, мотивацијата и развојот на компетенциите на учениците и обезбедување континуиран професионален развој на наставниот кадар.
2. Подобрување на условите и ресурсите за реализација на наставата и практичната настава и унапредување на практичното образование и соработката со работодавачите.

3. Унапредување на менталното здравје и благосостојбата на учениците преку создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина и активно учество на учениците и родителите.

4. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Ние сме современа, отворена и поттикнувачка образовна средина која создава можности за учење, креирање и развивање на потенцијалите на секој ученик.

Преку квалитетна и современа настава, примена на современи образовни технологии, практично образование и учење преку работа, ги оспособуваме учениците со знаења, вештини и компетенции потребни за успешно продолжување на образованието и за одговорно вклучување во светот на трудот.

Ученикот е во центарот на нашите заложби. Создаваме стручни, самостојни, одговорни и мотивирани личности кои успешно одговараат на современите професионални предизвици, ги почитуваат различностите, ја негуваат културата и традицијата и придонесуваат кон создавање безбедна, толерантна и инклузивна училишна заедница.

Нашата мисија е училиште во кое сите учат, сите се почитуваат и секој ученик има можност да го оствари својот потенцијал.

ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Да бидеме современ и препознатлив училишен центар со професионален, мотивиран и компетентен наставен кадар, современо опремени услови за учење и развиена соработка со работодавачите, кој создава квалитетни и стручно оспособени млади личности подготвени за потребите на пазарот на трудот и предизвиците на иднината.

Сакаме да бидеме училиште во кое учениците активно учествуваат во наставата, ги развиваат своите способности и стекнуваат практични знаења и вештини, а наставниот кадар континуирано се професионално развива и применува современи пристапи во работата.

Градиме училишна заедница заснована врз еднаквост, толеранција, меѓусебно почитување, недискриминација и соработка, во која различностите се препознаваат како вредност и можност за заеднички развој.

Нашата визија е училиште подготвено за иднината – училиште кое учи, се развива и успешно одговара на потребите на учениците, општеството и пазарот на трудот.

5. ИЗБРАНИ ПРИОРИТЕТИ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА СЕКОЈ ОД НИВ

Приоритет	***Образложение***
1. Унапредување на квалитетот, поттикнување на активната вклученост, мотивацијата и развојот на компетенциите на учениците и обезбедување континуиран професионален развој на наставниот кадар.	Квалитетот на наставно-образовниот процес претставува основа за постигнување на подобри образовни резултати и за целокупниот развој на учениците. Современите образовни потреби наметнуваат примена на разновидни, интерактивни и ученикоцентрични наставни пристапи кои ќе овозможат учениците активно да учествуваат во процесот на учење, да развиваат интерес и мотивација за учење и да стекнуваат знаења, вештини и компетенции применливи во реални животни и професионални ситуации. Потребата од унапредување на квалитетот на наставата произлегува и од потребата за постојано прилагодување на наставниот процес кон различните образовни потреби, способности и интереси на учениците, како и кон современите општествени, технолошки и професионални промени. Посебно значење има примената на современи наставни методи, дигитални и други наставни ресурси, проектна и истражувачка работа, тимска работа, практични активности и други форми кои го поттикнуваат критичкото и креативното размислување, самостојноста и одговорноста на учениците. За остварување на овие цели неопходно е континуирано унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар. Професионалниот развој на наставниците преку обуки, размена на искуства и добри практики, меѓусебно учење, следење на современите образовни тенденции и примена на нови наставни пристапи претставува значаен предуслов за унапредување на квалитетот на наставата. Континуираниот професионален развој ќе придонесе наставниците полесно да одговорат на различните потреби на учениците и да создаваат стимулативна, инклузивна и поттикнувачка средина за учење.
2. Подобрување на условите и ресурсите за реализација на наставата и практичната настава и унапредување на	Современото стручно образование бара соодветни просторни, технички и материјални услови, современа опрема и поврзување на стекнатите теоретски знаења со практични вештини. Самоевалуацијата укажува на потреба од подобрување и модернизирање на дел од училишните

практичното образование и соработката со работодавачите.	објекти, наставните средства и опремата, како и обезбедување подобри услови за практична настава. Особено значајно е понатамошното развивање на дуалното образование, учењето преку работа и соработката со работодавачите, со цел образовните профили и стекнатите компетенции да одговараат на современите потреби на пазарот на трудот. Овој приоритет ќе придонесе за подобра практична оспособеност на учениците, полесен премин од образование кон вработување и воспоставување долгорочни партнерства со компании, институции и стопански организации.
3.Унапредување на менталното здравје и благосостојбата на учениците преку создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина и активно учество на учениците и родителите.	Менталното здравје и психо-социјалната благосостојба на учениците се значаен предуслов за успешно учење, развивање на личните потенцијали и активно учество во училишниот живот. Современото училиште има одговорност да обезбеди средина во која учениците се чувствуваат безбедно, прифатено, почитувано и поддржано, без оглед на нивните индивидуални способности, потреби, јазик, културна припадност или социјално потекло. Имајќи ги предвид потребите на учениците за справување со стресот, емоционалните предизвици, конфликтите, ниската самодоверба, социјалната анксиозност и другите тешкотии кои можат да влијаат врз нивното функционирање и успех, потребно е систематско развивање на активности за превенција, рана поддршка и јакнење на менталното здравје. Посебно внимание ќе се посвети на развивањето на социјалните и емоционалните компетенции, асертивната и ненасилната комуникација, емпатијата, саморегулацијата, отпорноста и вештините за мирно решавање конфликти. Приоритетот опфаќа и унапредување на училишната клима преку спречување на насилството, дискриминацијата, говорот на омраза, зависностите и другите ризични однесувања. Во неговата реализација активно ќе се вклучуваат учениците, родителите, стручната служба, наставниците, училишниот правобранител и другите релевантни чинители, со цел заедничко градење безбедна, толерантна, инклузивна и поддржувачка училишна заедница. Активното учество на учениците и родителите ќе придонесе кон подобра комуникација, навремено препознавање на потребите на учениците, јакнење на довербата меѓу сите членови на училишната заедница и создавање услови во кои секој ученик ќе има можност да се развива, да се чувствува прифатено и да го оствари својот потенцијал.

6. ДЕФИНИРАНИ СТРАТЕШКИ И РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

Од приоритети кон стратешки цели

Врз основа на избраните приоритети, наодите од самоевалуацијата и утврдените потреби за развој на училиштето, се дефинираат следните стратешки цели за периодот 2026–2030 година:

Приоритет/и	***Стратешка цел***
1. Унапредување на квалитетот, поттикнување на активната вклученост, мотивацијата и развојот на компетенциите на учениците и обезбедување континуиран професионален развој на наставниот кадар.	Унапредување на квалитетот, современоста и инклузивноста на наставно-образовниот процес преку примена на современи, интерактивни наставни методи и пристапи, користење на различни наставни и дигитални ресурси и поттикнување на активното учество, мотивацијата, самостојноста, критичкото и креативното размислување на учениците. Развивање на знаењата, вештините и компетенциите на учениците во согласност со нивните образовни потреби и современите општествени и професионални предизвици, паралелно со обезбедување континуиран професионален развој на наставниот кадар преку обуки, размена на добри практики, меѓусебно учење и примена на современи образовни пристапи во наставата.
2.Подобрување на условите и ресурсите за реализација на наставата и практичната настава и унапредување на практичното образование и соработката со работодавачите.	Подобрување на условите, ресурсите и опременоста за реализација на современо стручно и практично образование преку унапредување и модернизирање на кабинетите, работилниците и просториите за практична настава, обезбедување соодветни наставни и практични ресурси и создавање функционална и безбедна средина за учење. Унапредување на практичното образование преку зголемување на можностите за стекнување практични знаења, вештини и компетенции, како и зајакнување на соработката со работодавачите и партнерите од локалната заедница, со цел подобро усогласување на образовниот процес со потребите на пазарот на трудот и можностите за професионален развој и вработување на учениците.
3. Унапредување на менталното здравје и благосостојбата на	Унапредување на менталното здравје и благосостојбата на учениците преку создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина, развивање на социјалните и

учениците преку создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина и активно учество на учениците и родителите.	емоционалните компетенции на учениците, јакнење на механизмите за превенција и навремено препознавање и постапување во ситуации на насилство, дискриминација и други ризици, како и обезбедување соодветна психосоцијална поддршка. Зајакнување на партнерството со учениците и родителите преку нивно активно учество во креирањето на позитивна училишна клима, донесувањето одлуки и реализацијата на активности насочени кон заштита, поддршка, развој и унапредување на благосостојбата на учениците.

Од стратешки цели кон развојни цели

Стратешка цел 1	***Развојни цели***
Унапредување на квалитетот, современоста и инклузивноста на наставно-образовниот процес преку примена на современи наставни методи и зголемување на активното учество, мотивацијата и компетенциите на учениците, паралелно со обезбедување континуиран професионален развој на наставниот кадар преку обуки и размена на добри практики.	1.1 Унапредување на наставниот процес преку поголема примена на современи, интерактивни и ученик-центрирани методи, форми и дигитални алатки во наставата.
	1.2 Зголемување на мотивацијата, активното учество и самостојноста на учениците преку развивање на критичко размислување, комуникациски, социјални и практични компетенции.
	1.3 Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар преку континуирано стручно усовршување, учество во обуки, размена на искуства и добри практики и примена на стекнатите знаења во наставно-образовниот процес.
Стратешка цел 2	***Развојни цели***
Подобрување на условите, ресурсите и опременоста за реализација на современо стручно и практично образование и унапредување на соработката со работодавачите и пазарот на трудот.	2.1 Подобрување и осовременување на просторните, техничките и материјалните услови и ресурсите за реализација на наставата и практичната настава.
	2.2 Унапредување на практичното образование, учењето преку работа и дуалното образование преку подобрување на условите и поврзување на теоретските знаења со практичните вештини.
	2.3 Проширување и продлабочување на соработката со работодавачите, стопанските и занаетчиските организации, со цел усогласување на стекнатите компетенции на учениците со потребите на пазарот на трудот.

Стратешка цел 3	***Развојни цели***
Унапредување на менталното здравје и благосостојбата на учениците преку создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина и зајакнување на партнерството со учениците и родителите.	3.1. Унапредување на менталното здравје и психо-социјалната благосостојба на учениците преку превентивни, советодавни и едукативни активности.
	3.2. Создавање безбедна, толерантна, инклузивна и поддржувачка училишна средина преку превенција на насилство, дискриминација и други ризични однесувања.
	3.3. Зајакнување на учеството на учениците и родителите во училишниот живот, процесите на поддршка и заедничкото градење позитивна училишна клима.

7. Акциски план за реализација на развојната програма на учи лиштето

Стратешка цел 1. **Унапредување на квалитетот, современоста и инклузивноста на наставно-образовниот процес преку примена на современи наставни методи и зголемување на активното учество, мотивацијата и компетенциите на учениците, паралелно со обезбедување континуиран професионален развој на наставниот кадар преку обуки и размена на добри практики.**						
Развојна цел 1.1 Унапредување на наставниот процес преку поголема примена на современи, интерактивни и ученик-центрирани методи, форми и дигитални алатки во наставата.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активноста***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење на реализацијата на активноста***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1. Анализа на постојната примена на современи наставни методи и дигитални алатки. 2. Организирање интерни обуки и работилници за наставниот кадар за современи и интерактивни методи на работа. 3. Примена на проектна, проблемска, истражувачка, кооперативна и тимска работа во наставата. 4. Поголема употреба на дигитални образовни ресурси и	Зголемен број на наставници кои применуваат современи и интерактивни методи; реализирани интерни обуки/работилници; зголемен број часови со ученик-центриран пристап; зголемена употреба на дигитални ресурси; позитивни наоди од	Директор; стручна служба; наставници; активи на наставници; координатори/тимови за професионален	2026–2030 година, континуирано, со годишно планирање и евалуација.	Компјутери и дигитална опрема; интернет; проектори/паметни уреди; наставни материјали; средства за обуки; стручна литература;	Директор; тим за следење на Развојната програма; стручна служба; претставници на стручните активи.	Годишни и тематски планирања; подготовки за часови; записници од стручни активи; извештаи од обуки; евиденција од посети на часови; анкети за ученици и наставници; портфолија; фотографии/докази од реализирани

алатки. 5. Размена на добри практики и примери меѓу наставниците. 6. Следење на примената на современите методи преку посети на часови и анализа на планирањата.	следењето на наставата; примери на добра практика.	развој.		софтверски и дигитални алатки.		активности; годишни извештаи.
Развојна цел 1.2 Зголемување на мотивацијата, активното учество и самостојноста на учениците преку развивање на критичко размислување, комуникациски, социјални и практични компетенции.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активностите***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење за реализација на активностите***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1. Реализирање активности за активно учење, дискусии, дебати, симулации, играње улоги и работа во групи. 2. Реализирање ученички проекти и истражувачки активности. 3. Организирање работилници за мотивација за учење, самодоверба, комуникација, емпатија, емоционална интелигенција и социјални компетенции. 4. Поттикнување на ученички иницијативи и учество во училишниот живот. 5. Реализирање активности за развивање критичко размислување и решавање проблеми. 6. Следење на заинтересираноста и активното учество на учениците и	Зголемено учество на учениците во наставни и воннаставни активности; реализирани ученички проекти и работилници; зголемена мотивација за учење; зголемен број ученици кои преземаат иницијативи; подобрени комуникациски и социјални вештини; позитивни резултати од анкети и евалуации.	Наставници; стручна служба; одделенски раководители; ученички организации; училишен правобранител; тимови за поддршка на учениците.	2026–2030 година, континуирано.	Наставни материјали; дигитални алатки; простор за работилници; материјали за креативни активности; стручна литература; средства за реализација на ученички проекти.	Стручна служба; тим за следење на Развојната програма; тим за ученички права/поддршка; одделенски раководители.	Анкети и прашалници за ученици; евалуациски листови; евиденција за учество; извештаи од работилници; ученички проекти; записници; портфолија; извештаи од стручната служба; годишни извештаи.

предлагање мерки за подобрување.						
Развојна цел 1.3 Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар преку континуирано стручно усовршување, учество во обуки, размена на искуства и добри практики и примена на стекнатите знаења во наставно-образовниот процес.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активноста***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење за реализација на активноста***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1. Испитување на потребите на наставниот кадар за професионален развој и изготвување план за стручно усовршување според утврдените потреби и приоритети на училиштето. 2. Организирање и учество на наставниците на акредитирани обуки, семинари, вебинари и други форми на стручно усовршување. 3. Организирање интерни стручни средби за споделување искуства, наставни материјали и добри практики меѓу наставниците. 4. Соработка со Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за развој на стручното образование (ЦРСО) во насока на професионално усовршување и унапредување на наставниот процес. 5. Именување на ментори за наставници-приправници и обезбедување континуирана менторска поддршка во процесот	Спроведена анализа; утврдени приоритетни области; изготвен годишен план; Зголемен број наставници опфатени со обуки; број реализирани обуки; стекнати сертификати/потврди; Реализирани активности во соработка со БРО и ЦРСО; учество на наставници во обуки и стручни активности; добиени информации и материјали за современи образовни пристапи; Определени ментори; изготвени планови за менторска поддршка; редовни средби и консултации; следење на работата на наставниците-	Директор, стручна служба, координатори на стручни активи, наставници, тим за професионален развој, ментори.	2026–2030 година, континуирано, со полугодишни и годишни анализи.	Финансиски средства, обуки, дигитални платформи, стручна документација, наставни материјали, финансиски средства, дигитални ресурси,	Директор, стручна служба, ментор, координатори на стручни активи.	Покани, програми, сертификати, извештаи, записници, материјали од БРО/ЦРСО; Одлуки за назначување ментор, планови за менторска работа, записници, извештаи.

на нивното воведување во професијата. 6. Поддршка на наставниците-приправници преку следење на наставата, консултации, размена на искуства и насоки за планирање и реализација на наставниот процес. 7. Следење и евалуација на ефектите од професионалниот развој врз наставата и учењето.	приправници;					
Стратешка цел 2. Подобрување на условите, ресурсите и опременоста за реализација на современо стручно и практично образование и унапредување на соработката со работодавачите и пазарот на трудот.						
Развојна цел 2.1 Подобрување и осовременување на просторните, техничките и материјалните услови и ресурсите за реализација на наставата и практичната настава.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активностите***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење на реализацијата на активностите***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1. Анализа на состојбата со просторните, техничките и материјалните услови во училиштето. 2. Утврдување приоритети за санација, реконструкција и опремување на училишните простории. 3. Постепено обновување и набавка на современа наставна и практична опрема. 4. Подобрување на условите во двата училишни објекти. 5. Обезбедување услови за современа и безбедна практична настава. 6. Аплицирање до проекти,	Реализирани приоритетни санации и подобрувања; набавена нова опрема и наставни средства; подобрени услови во училишните објекти; зголемена функционалност на кабинетите и работилниците; обезбедени дополнителни средства преку проекти/донации.	Директор; стручни служби; наставници; тимови/комисии; Општина Куманово; партнери и донатори.	2026–2030 година, согласно расположливите финансиски средства и приоритетите.	Финансиски средства; буџет на училиштето; средства од основачот; проектни средства; донации; техничка и наставна опрема; материјали за одржување и санација.	Директор; тим за следење на Развојната програма; комисија за јавни набавки/материјално-финансиско работење; стручни активи.	Планови и програми; финансиски план; план за јавни набавки; записници; фактури и испратници; договори; пописни листи; проектна документација; фотографии; извештаи за реализација.

институции, локална самоуправа и други извори за обезбедување средства и опрема.						
Развојна цел 2.2 Унапредување на практичното образование, учењето преку работа и дуалното образование преку подобрување на условите и поврзување на теоретските знаења со практичните вештини.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активноста***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење за реализација на активноста***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1. Анализа и унапредување на условите за реализација на практичната настава. 2. Понатамошно развивање на дуални паралелки и учење преку работа. 3. Усогласување на реализацијата на практичната настава со потребите на образовните профили. 4. Зајакнување на подготовката на учениците пред започнување на практична настава кај работодавач. 5. Следење на реализацијата на практичната обука и напредокот на учениците. 6. Размена на искуства меѓу наставниците, координаторите, менторите и работодавачите.	Зголемен број ученици опфатени со практична настава/учење преку работа; развиени и реализирани дуални паралелки согласно можностите; подобрени услови за практична настава; редовно следење на учениците; позитивни извештаи од наставници и ментори; подобрени практични компетенции на учениците.	Директор; координатори за учење преку работа; наставници по стручни предмети; стручна служба; ментори кај работодавачите.	2026–2030 година, континуирано.	Опрема за практична настава; работилници и кабинети; заштитна опрема; материјали за работа; финансиски средства; транспорт и логистичка поддршка каде што е потребно.	Координатор за учење преку работа; директор; тим за следење на Развојната програма; наставници по стручни предмети.	Програми за практична настава; договори; меморандуми; дневници за практична настава; извештаи; потврди; евиденција за ученици; извештаи од ментори; записници; анкети на ученици и работодавачи.
Развојна цел 2.3 Проширување и продлабочување на соработката со работодавачите, стопанските и занаетчиските организации, со цел усогласување на стекнатите компетенции на учениците со потребите на пазарот на трудот.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активноста***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење за реализација на активноста***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1.Идентификување и	Зголемен број	Директор;	2026–	Финансиски	Директор;	Меморандуми и

воспоставување соработка со нови работодавачи. 2. Одржување и унапредување на постојните партнерства. 3. Потпишување и обновување меморандуми и договори за соработка. 4. Вклучување на работодавачите во унапредувањето на практичната настава и образовните профили. 5. Реализирање средби, презентации, стручни посети и размена на искуства со компании. 6. Прибирање мислења од работодавачите за компетенциите на учениците и потребите на пазарот на трудот.	активни партнери; потпишани/обновени договори и меморандуми; зголемена вклученост на работодавачите; реализирани стручни посети и средби; прибрани мислења од работодавачите; прилагодување на практичната настава според идентификуваните потреби.	координатор за учење преку работа; наставници; стручна служба; тим за соработка со работодавачи; претставници на компании и стопански/занаетчиски организации.	2030 година, континуирано.	средства; транспорт; информативни и промотивни материјали; простор за состаноци; административна поддршка; комуникациски средства.	координатор за учење преку работа; тим за следење на Развојната програма; тим за соработка со работодавачи.	договори; записници од состаноци; анкети за работодавачи; извештаи; евиденција за практична настава; потврди; фотографии; кореспонденција; анализа на потребите на пазарот на трудот.
Стратешка цел 3. Унапредување на менталното здравје и благосостојбата на учениците преку создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина и зајакнување на партнерството со учениците и родителите.						
Развојна цел 3.1 Унапредување на менталното здравје и психо-социјалната благосостојба на учениците преку превентивни, советодавни и едукативни активности.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активностите***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење на реализацијата на активностите***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1. Изготвување и реализација на програма за унапредување на менталното здравје и психо-социјалната благосостојба на учениците. 2. Реализирање работилници за препознавање и справување со емоции, стрес, анксиозност, фрустрација и други	Изготвена и реализирана програма за ментално здравје; реализирани работилници и советодавни активности; зголемен број ученици опфатени со	Директор; стручна служба; социолог; психолог; одделенски раководители; наставници;	2026–2030 година, континуирано, со годишно планирање и	Простории за советодавна и групна работа; компјутери и дигитална опрема; интернет;	Директор; стручна служба; тим за следење на Развојната програма; тим за поддршка на учениците; одделенски раководители.	Годишна програма за работа; програма за ментално здравје; планови и извештаи од работилници; евиденција од советодавна работа; анкети и прашалници за

емоционални предизвици. 3.Реализирање активности за развивање самодоверба, самопочитување, мотивација, позитивна слика за себе и лична одговорност. 4.Реализирање активности за развивање социјални и емоционални компетенции, емпатија, саморегулација, асертивна комуникација и мирно решавање конфликти. 5. Советодавна работа со ученици кои покажуваат емоционални, социјални, образовни или адаптивни тешкотии. 6.Рано препознавање на ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка и упатување до соодветни стручни служби и институции, согласно потребите. 7.Реализирање активности за развивање техники за концентрација, релаксација, справување со стрес и подобрување на личната саморегулација. 8.Организирање активности за поддршка на учениците во периоди на зголемен стрес, адаптација, испитни обврски и преминување меѓу образовни нивоа.	превентивни и едукативни активности; подобрена информираност на учениците за препознавање и справување со емоционални состојби; подобрени социјални и емоционални компетенции; зголемена самодоверба и мотивација кај учениците; навремено идентификувани ученици со потреба од поддршка; реализирани мерки за поддршка и следење на напредокот; позитивни резултати од евалуациите и анкетите.	тимови за поддршка на учениците; родители/старатели; надворешни стручни лица и институции, согласно потребите.	евалуација.	проектори/паметни уреди; презентации; работни листови; стручна литература; психолошки и педагошки материјали; прашалници и скали за самопроценка; средства за реализација на работилници.		ученици; скали за самопроценка; индивидуални планови за поддршка; записници; извештаи од стручната служба; фотографии/докази од реализирани активности; годишни извештаи.

Развојна цел 3.2 Создавање безбедна, толерантна, инклузивна и поддржувачка училишна средина преку превенција на насилство, дискриминација и други ризични однесувања.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активностите***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење за реализација на активностите***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1. Реализирање превентивни работилници и едукативни активности за насилство, злоупотреба, занемарување, дискриминација и говор на омраза. 2.Реализирање активности за превенција од употреба на алкохол, тутун, психоактивни супстанции, коцкање и други ризични однесувања. 3.Реализирање активности за развивање емпатија, толеранција, почитување на различностите, солидарност и ненасилна комуникација. 4. Изработка, промовирање и следење на правила за безбедно, одговорно и почитувачко однесување во училиштето. 5. Реализирање активности за превенција од сајбернасилство, дигитална зависност, злоупотреба на лични податоци и несоодветно однесување на социјалните мрежи. 6. Навремено постапување по пријави за насилство, дискриминација, вознемирување	Реализирани превентивни работилници и активности; зголемена информираност на учениците за видовите насилство, дискриминација и ризични однесувања; изработени и промовирани правила за безбедно однесување; намален број конфликти и пријави за насилство и дискриминација; навремено постапување по пријавите; подобрено чувство на безбедност и прифаќање кај учениците; подобрени односи меѓу учениците и наставниците; позитивни резултати од анкетите за училишната клима.	Директор; стручна служба; социолог; психолог; одделенски раководители; наставници; училишен правобранител; координатор/тим за заштита на учениците; ученички парламент; родители/старатели; релевантни надворешни институции.	2026–2030 година, континуирано, со годишно планирање и евалуација.	Правилници и протоколи за постапување; наставни и едукативни материјали; компјутери и дигитална опрема; интернет; проектори/паметни уреди; работни листови; картички за улоги; простор за работилници; информативни брошури и постери; стручна литература.	Директор; стручна служба; тим за следење на Развојната програма; тим за заштита на учениците; училишен правобранител; одделенски раководители.	Годишна програма за работа; програма за заштита од насилство и дискриминација; планови и извештаи од работилници; записници; службени белешки; евиденција на пријави и преземени мерки; анкети за училишната клима и безбедноста; протоколи за постапување; извештаи од стручната служба; годишни извештаи.

и други повреди на правата на учениците. 7. Поттикнување на активности за создавање позитивна училишна клима, меѓусебно почитување, прифаќање и чувство на припадност. 8. Спроведување истражувања и анкети за чувството на безбедност, училишната клима, односите меѓу учениците и односите ученик–наставник.						
Развојна цел 3.3 Зајакнување на учеството на учениците и родителите во училишниот живот, процесите на поддршка и заедничкото градење позитивна училишна клима.						
Активности	***Индикатори за успех***	***Носители на активностите***	***Временска рамка за спроведување***	***Потребни ресурси***	***Тим за следење за реализација на активноста***	***Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите***
1.Активно вклучување на учениците преку ученичкиот парламент, училишниот правобранител и други ученички тела во планирањето и реализацијата на училишните активности. 2.Организирање форуми, дискусии, средби и консултации со учениците за нивните потреби, проблеми, предлози и иницијативи. 3.Воспоставување механизми за безбедно, доверливо и достапно споделување мислења, проблеми и предлози од страна на учениците. 4.Реализирање работилници и едукативни средби со родители	Зголемено учество на учениците во училишниот живот; реализирани ученички иницијативи; воспоставени механизми за споделување мислења и предлози; реализирани средби и работилници со родители; зголемен број родители вклучени во активности; подобрена комуникација меѓу училиштето,	Директор; стручна служба; социолог; психолог; одделенски раководители; наставници; ученички парламент; училишен правобранител; Совет на родители; родители/старатели;	2026–2030 година, континуирано, со годишно планирање и евалуација.	Простории за средби и работилници; компјутери и дигитална опрема; интернет; презентации; работни листови; анкети и прашалници; кутии/механизми за предлози и доверливо	Директор; стручна служба; тим за следење на Развојната програма; тим за ученички права и поддршка; ученички парламент; училишен правобранител; Совет на родители; одделенски раководители.	Годишна програма за работа; планови и извештаи од ученички и родителски активности; записници од Ученичкиот Совет и Советот на родители; анкети и прашалници за ученици и родители; евиденција на предлози и иницијативи; извештаи од стручната служба; фотографии/докази

за ментално здравје, комуникација со адолесценти, препознавање ризици и обезбедување поддршка. 5.Унапредување на редовната комуникација и соработката со родителите во интерес на благосостојбата, успехот и развојот на учениците. 6.Вклучување на родителите и учениците во активности за промовирање толеранција, солидарност, волонтерство и позитивна училишна клима. 7.Поттикнување ученички и родителски иницијативи за подобрување на условите, односите и безбедноста во училиштето. 8.Годишно испитување на задоволството на учениците и родителите од достапноста на поддршката, комуникацијата и односите во училиштето. 9.Изготвување извештаи и препораки врз основа на мислењата и предлозите на учениците и родителите. 1.	учениците и родителите; документирани предлози и преземени мерки; подобрено чувство на припадност и доверба; позитивни резултати од анкетите и евалуациите.	тимови за поддршка на учениците.		споделување мислења; информативни материјали; средства за реализација на ученички и родителски иницијативи. .		од реализирани активности; годишни извештаи; анализи и препораки за подобрување.

8. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО

Претседател:

Драган Јаневски -директор

Членови:

Рагми Алиу- помошник директор
Жаклина Јанакиевска- помошник директор
Елизабета Трајковска -социолог
Валдет Арифи -педагог
Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска – наставник
Аделина Белули- наставник
Синиша Јаќимовиќ -родител
Фати Џемаили - родител
Ева Цветановска – ученик
Хекуран Амиди – ученик

М.П.

Датум:

---------- година

Директор,

Претседател на училишниот одбор/
управниот одбор*

---

* Се однесува на државното средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука